Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА"
бр. 04-9878-2
06.11 2024 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 16 од Правилникот за формата и содржината на Јавниот оглас, начин на поднесување на пријавата за вработување, начин на спроведување на постапката за селекција и интервју, начин на бодирање и максимален број на бодови во постапката за селекција за работните места за кои е објавен јавниот оглас и член 22 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола, ВД Директорот на КЈП Нискоградба Битола на ден 06.11.2024 година донесе:

О Д Л У К А

За избор на кандидат за вработување на Даватели на јавни услуги
по пат на Јавен оглас бр.1-а/2024

1. Јавниот оглас бр.1-а/2024, дел.број 04-987/3 објавен на ден 17.10.2024 година, за вработување на работното место со под број 2 со Шифра КДР 03 05 В01 013- 1 (еден) извршител Одржувач на канализациона мрежа -даватели на јавна услуга, во Одделение за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта во Секторот за канализациони објекти, инсталации, улици, патишта и механизација

Се избира кандидатот:

1. Николче Лазаровски

2.Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време за горенаведеното работно место, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение, односно ќе се склучи договор за вработување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

КЈП Нискоградба Битола, КЈП Нискоградба Битола, објави Јавен оглас за вработување на даватели на јавни услуги бр.1-а/2024 дел.бр.04-987/3 на ден 17.10.2024 година во дневните весници „Нова Македонија„, „Слободен печат„ и „Коха„ за вработување на 1(еден) извршител на неопределено време на работно место 2 со Шифра КДР 03 05 В01 013 - Одржувач на канализациона мрежа -еден извршител, во Одделение за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта, во Секторот за канализациони објекти, инсталации, улици, патишта и механизација.

Со Решение на ВД Директорот бр.04-987/4 од 22.10.2024 година формирана е Комисија за селекција на постапка за вработување на даватели на јавни услуги по јавниот оглас. Комисијата за селекција ги спроведе двете фази од постапката за селекција за вработување и тоа: Спроведена постапка за проверка на внесените податоци во пријавите и проверка на приложените докази на ден 01.11.2024 година, со Записник бр.04-987/5 од 01.11.2024 година и спроведено интервју со Записник бр.04-987/6 од 04.11.2024 година, во просторијата на КЈП Нискоградба Битола.

Врз основа на резултатите од двете фази на селекција, Комисијата за селекција на постапка за вработување, до ВД Директорот на претпријатието, достави конечна ранг листа и предлог на кандидати за вработување бр.04-987/7 од 05.11.2024 година, заради донесување на Одлука за избор.

Директорот на КЈП Нискоградба Битола го прифати предлогот на Комисијата и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволните кандидати имаат право да поднесат жалба до Управниот одбор на претпријатието, во рок од 8 дена од приемот на Одлуката за избор.

КЈП Нискоградба -Битола
ВД Директор
Зоран Талевски